

Тодор Радевски (? - 23.03.2016), познат како Тоде или Тодорче, е македонски патриот, член на ДООМ, ВМРО/ДПМНЕ и член на комитетот Методија Андонов Чентово

Гетеборг.

Тодор Радевски во седумдесетите години заминува на работа во Шведска, каде останува до крајот на својот живот. Целиот свој живот го посветува на македонската кауза.

Тодор Радевски е роден во Кичевското село Велмевци, во семејството на Борис и Менка Радевски. Неговата мајка е внука на легендарниот војвода од Илинденското востание Јордан Пиперката. Уште како мал семејството се преселило во Битола, каде татко му работи како пекар. Тоде завршува основно училиште, а потоа се запишува во средно училиште. Меѓутоа, набрго го напушта незадоволен од тоа што за неговите омилени предмети по историја се шпекулира. Во училиштето се предава изменета историја за македонскиот народ од онаа што му ја раскажувале домашните и од она што го слушал во битолските гостилници и паркови.

Тодор Радевски кој израснува во високо и снажно момче за време на летото работи како сезонски работник во ЗИК Пелагонија. На отслужување на воениот рок во ЈНА бил испратен во Белград. Меѓутоа, како Македонец често пати бил изложен на провокации и навреди, на кои остро реагирал. На коментарот дека со неговата висина не е Македонец, тој во строј замавнал со кундакот и го соборил на земја војникот до него кој го провоцирал. Бидејќи немал дадено заклетва, старешините ги принудуваат да се смират со провокаторот, кои потоа биле преместени на друго место.

Во слична ситуација Тоде се нашол додека со својот другар по добиениот излез биле во кафеана. Поради разговорот на мешан српско македонски јазик, цивилни личности му дофрлиле на Тоде дека за такви како него се само „бркоњи и брадоњи“. Сфаќајќи дека тие асоцираат на Дража Михајлович, тој им одговорил: „а за вас треба Ванчо Михаилов“, по што настанала жолчна расправија. Воената полиција ги притворила а Тоде бил даден на воен суд, но набрзо бил ослободен со образложение дека од негова страна тоа била одбрана на навредата на мајчиниот македонски јазик кој е признат во Југословенскиот устав.

По завршување на воениот рок, Тоде се вратил дома и се пријавил во Заводот за вработување во Битола, каде се води како општ работник. Во 1970 година завршува шест месечен курс за електрозаварувач организиран од Заводот за вработување. Преку оваа институција, заедно со група од електрозаварувачи, заминува на работа во

бродоградилиштето Јетаверкен Арендал, во градот Гетеборг, Шветска. На 18 Април 1971 година, на првиот ден на Велигден, Тоде доаѓа во Селма Лагерторг, каде групата имала обезбеден престој и работа.

Во слободните денови Тоде го посетувал клубот на Југословенското здружение во Кортедала. Со настаните од земјата се запознава од весникот "Нова Македонија". Исто така, ги чита и македонските имигрантски весници во Гетеборг. Во бутикот за новини на Кунгспортсплатсен се продаваше македонскиот емигрански весник „Македонска Нација", кој Тоде стално го имал во рацете и го носел на работа. Бидејќи југословенските агенти го откупуваа весникот за да не им биде достапен на македонските доселеници, Тоде со Владо Арсов често пати пред нив го откупуваа целиот тираж и бесплатно го делеа меѓу Македонците на работните собири.

Во летото 1971, македонските работници во Јетаверкен Арендал со помош на предпријатието го основаа фудбалскиот клуб ФК Арендал свецаре. Дресот на клубот бил жолто црвена боја, со што желбата на младите електрозаварувачи беше исполнета. Тоа беше прва македонска организација во Гетеборг. Во 1973 година ФК Арендал светсари стана независен од Јетаверкен и го сменил името во Илинден 1903. На годишното собрание Тоде влезе во управата на клубот. Истата година 1973, на 16 април се основа и Македонската православна црква свети Кирил Методиј во Гетеборг, а Тоде бил присутен на отворањето на црковните простории.

По двегодишниот договор со бродоградилиштето Јетоверкен Арендал, Тоде си дал отказ и почнал да работи по струката приватно во различни фирми низ цела Шветска. Во меѓувреме, ФК Илинден 1903 под притисок на пројугословенската пропаганда се подели на две страни.

На годишното собрание во јануари 1974 година го сменија името на клубот во ФК Вардар, а дресот станал црно-црвено како Скопскиот клуб Вардар. Во тоа време се создаде македонското културно друштво Гоце Делчев, кое заедно со клубот ФК Вардар беа подчинети под Југословенскиот сојуз кој им даваше економска подршка. Од друга страна клубот Илинден ги изгуби клубските простори и играше надвор од Југословенскиот сојуз, како непризнато спортско друштво. Сепак Шветскиот спортски сојуз му дава економиска подршка на клубот Илинден, а играчите ги чуваа дресовите во Црквата.

Тоде како член на управата на клубот Илинден, беше повикан од конзулот Мито Матовски на советување и помирување. Но, на средбата која се одржа на центарот на Гетеборг, наместо помирување дојде до поголема расправија.

Тоде ја обвини тогашната македонска влада за повеќе работи: „дека со зурли и тапани го иселува македонскиот народ во Европа, Америка и Австралија; дека во Македонија се продаваат новини од другите Југословенски републики, но Македонскиот весник не се продава во ниту една од тие републики; дека македонскиот народ се труе со туѓа музика и оти нема студио за производство на плочи со македонска народни песни; дека нема ниту една ефикасна фабрика во Македонија за преработување и конзервирање на овошје и зеленчук, туку истото се праќа во другите републики и преработено се враќа со три пати повисоки цени; дека.. сите пари што македонските работници ги заработувале во стопанството заминувале за Белград; дека во сите главни градови во републиките има изградено тролебуски или трамвајски превозни средства, но во нашиот главен град Скопје превозот се уште се врши со запрежни коли; дека многу улици во Македонија носат имиња на личности од другите републики, додека имињата на македонски личности ги нема надвор од Македонија... По овие обвинувања, конзулот му се заканил на Тоде дека сака да го руши братството и единството и дека ќе види кога ќе се врати во Битола.


ДВИЖЕЊЕ ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА · ЗА ТРЕТ ИЛИНДЕН ·
Крушево
1903

[illegible]